МЕД македонско еколошко друштво
# ИНФОРМАТОР #16
Јуни 2012

Ристе - вториот маркиран балкански рис!

стр. 2

Одржан планирачки состанок за теренски истражувања за разумно користење на природните ресурси во Западен Балкан стр. 3

Кампања Пролетта доаѓа! стр. 4

Десетдневна обука во Англија и Холандија за привлекување и координирање волонтери! стр. 5

Годишна конференција на Европскиот зелен појас стр. 6

Изработен предлог модел на управувачко тело на предложеното подрачје за заштита на Осогово стр. 6

Германските донатори во посета на Македонија по повод почнувањето на малите проекти на Шар Планина стр. 7

Царските орли од Овче Поле добија 10 платформи за гнездење!
Други новости од Овче Поле стр. 8

## Успешна промоција на двата документарни филма за природните вредности на Македонија!

На 5 и 6 април 2012 година, во просториите на Кинотека на Македонија и на Институтот за биологија, при Природно-математичкиот факултет во Скопје, беа прикажани филмовите за природните вредности на Националниот парк „Маврово" и за Преспа паркот, „Во срцето на Балканот - барајќи го рисот" и „Во срцето на Балканот – пеликаните од Преспа парк", од германската продукција МДР.



Конечно, македонската публика имаше можност да ги погледне прекрасните снимки од рисот Марко, направени од германската телевизиска екипа во 2010 година во Националниот парк „Маврово", откако филмот беше прикажан на европскиот канал за култура Арте, во декември 2011 година.

Промоцијата на филмовите ја отвори авторката и режисерка на филмовите, Корнелија Фолк од Германија, којашто специјално за македонската премиера дојде во Скопје. Според Фолк, филмовите отсликуваат само мал дел од вистинското богатство што го нуди Македонија.

Пред македонската публика се обрати и претседателот на Македонското еколошко друштво, Љупчо Меловски, кој истакна дека природните и културните убавини на Македонија во овие два филма се претставени во вистинско светло и дека документарците ќе бидат вистински амбасадори за Македонија во Европа и светот.



Покрај големиот број соработници на МЕД и УНДП, филмовите ги гледаа и претставници на државните институции, амбасадите во земјава, невладините организации, германските организации во земјава, студентите од ПМФ, како и други љубители на природата и уметноста.



# Ристе - вториот маркиран балкански рис!

Тимот од МЕД што работи на заштита на балканскиот рис, во соработка со неколку локални ловџии - членови на мониторинг - мрежата од Кичево, вторпат успеа да залови единка од балканскиот рис и да му постави ГПС/ГСМ околувратник. За оваа цел повторно беа користени специјално изработени кафез - замки. Рисот беше заловен на 5 март 2012 година, на територијата на ловиштето „Душегубица", кое е управувано од ЈП Македонски шуми, подружница „Лопушник" – Кичево. Во поглед на досегашната заштита на рисот, МЕД има остварено многу добра соработка со оваа подружница.



Веднаш по фаќањето, рисот беше успиен и имобилизиран, при што беа извршени неопходните мерења на неговите телесни параметри (телесна тежина, должина на тело итн.). Воедно беа земени и примероци од крв и влакна за утврдување на здравствената состојба и генетска анализа. Мерењата покажаа дека рисот е здрава машка единка, со старост од најверојатно две до три години, со должина од 98 см и тежина од 17 килограми. Рисот го доби името Ристе.



Откако му беше поставен околувратникот, Ристе беше повторно пуштен во природа, каде што тимот во следните година дена ќе го следи неговото движење. Благодарение на ГПС-технологијата, Ристе веќе испраќа податоци за тоа каде се движи и со што се храни. До мај 2012 година, пронајдени се вкупно 9 жртви, и тоа 8 срни и 1 див зајак, а неговата територија изнесува околу 400 $км^2$.

Заловувањето на Ристе претставува голем успех, бидејќи преку неговото следење во природа ќе се обезбедат поверодостојни податоци за биологијата и екологијата на овој вид, кои се неопходни за негова заштита и зачувување, не само во Македонија, туку и пошироко на Балканот.

Овие активности се спроведуваат во рамките на проектот „Статус, екологија и окупираност на територијата на критично загрозениот балкански рис во Македонија и Албанија".



Александар Стојанов
stojanov@mes.org.mk

MAVA FONDATION POUR LA NATURE
SPECIES SURVIVAL COMMISSION CAT SPECIALIST GROUP
euronatur
FNSNF SWISS NATIONAL SCIENCE FOUNDATION
KORA

## Одржан планирачки состанок за теренски истражувања за разумно користење на природните ресурси во Западен Балкан

МЕД одржа планирачки состанок по повод годинешниве теренски истражувања во рамките на проектот за разумно користење на природните ресурси во Западен Балкан, во периодот од 7 до 11 мај, 2012 година во Скопје. Целта на состанокот беше јасно дефинирање на методите и техниките за квалитативно теренско истражување, кое треба да се реализира ова лето во сите четири земји каде што се спроведува проектот **„Улогата на природните ресурси во одржливото рурално живеење во Западен Балкан. Распределба и состојба на недостатоците и придобивките“.**

Во следниот период се очекува да се спроведат 20 до 50 анкети во неколку села во западна Македонија, за начинот на собирање и употребата на лековитите растенија, шумските плодови и печурките. Во исто време, се планира да се реализираат и десетина квалитативни интервјуа со целно локално население. Преку овие интервјуа, се очекува да се добијат податоци што ќе нè упатат кон можните проблеми и конфликти на локалните собирачи, во однос на моментната состојба на животната средина од една страна, и нивниот можен финансиски бенефит од друга страна. Анкетите и интервјуата ќе се спроведат на македонски и албански јазик.

Слична задача ќе имаат и колегите од невладината организација за заштита на животната средина во Албанија - PPNEA, кои истите активности ќе ги спроведат во неколку општини во северниот дел на Албанија.

Претставниците од Американскиот универзитет од Косово AUK, годинешното истражување ќе го насочат кон теми поврзани со креирање политики и услуги што ги добиваат планинските села од страна на неколку косовски општини. Целта е да се истражат задоволството и довербата на населението кон локалната самоуправа, како и можните конфликти што постојат меѓу институциите и локалното население од планинските села.

Активностите во Хрватска во рамките на овој проект ќе продолжат со истражувања насочени кон ловот и екотуризмот, додека анкетите и интервјуата ќе ги спроведуваат претставници од Факултетот за Ветеринарна медицина од Загреб.



Фросина Пандурска-Драмиќанин
pandurska@mes.org.mk

A·U·K

NINA
Norwegian Institute for Nature Research

## Кампања
# Пролетта доаѓа!



Со крајот на мај се ближи и крајот на кампањата **Пролетта доаѓа!** Оваа година кампањата беше особено успешна благодарение на учесниците и волонтерите - повеќе од 800 учесници пријавија кога прв пат виделе пиштарка, пчеларка, штрк, ластовичка или кукавица. Моментално на веб-страницата www.springalive.net, Македонија е рангирана меѓу десетте најуспешни земји или на прво место според бројот на жителите. Се надеваме дека вака ќе остане до самиот крај!

Последен голем настан што се одржа во рамките на оваа кампања беше **Големиот птичарски пикник** во селото Миравци. Пикникот беше организиран за стотина ученици и наставниците од ОУ „Климент Охридски“ од Миравци. Преку игри и нагледни средства, учениците научија повеќе за миграцијата на птиците и начинот на кој тие можат да им помогнат на овие видови птици.




















Фејсбук страната на кампањата **Пролетта доаѓа**! беше исто така најактивна во Европа со над 2.400 фана и голема активност. https://www.facebook.com/SpringAliveMK

По изработката на конечниот извештај до крајот на јуни 2012 година ќе може да се процени целосниот опсег на кампањата.

BirdLife INTERNATIONAL
Together for birds and people

Ксенија Путилин
ksenipu@yahoo.com

Mitsubishi Corporation Fund for Europc and Africa

## Десетдневна обука во Англија и Холандија за привлекување и координирање волонтери!

Во периодот од 17 до 27 април, четири претставници од Македонија учествуваа на десетдневна обука во Англија и Холандија. Организацијата Plantlife International од Англија и Floron од Холандија беа домаќини и организатори на оваа обука. Главната цел на обуката беше воведување на учесниците од Македонија, Бугарија и Романија во техниките за управување со волонтери кои ќе учествуваат на претстојните настани предвидени по проектот, со цел промовирање на избраните значајни растителни подрачја (Јудови Ливади-Пехчево, Пелистер и Шар Планина). Оваа обука опфати повеќе аспекти во поглед на ангажирање на волонтерите: како да се формираат групи од волонтери, инспирирање на волонтерите, раководење со волонтерските групи, осмислување различни активности за волонтерите, добивање повратни информации и одговори од волонтерите и сл. Овие теми беа покриени како теоретски, така и практично, преку директна посета на некои од значајните растителни подрачја во Англија, каде на лице место беше претставено како волонтерите учествуваат во управувањето и мониторингот на подрачјето.

Обуката беше реализирана **во рамките на проектот „Поврзување на луѓето и природата-вмрежување на значајните растителни подрачја - IPAnet“.** Таа им овозможи на координаторите и волонтерите вклучени во овој проект да споделуваат меѓусебни идеи и да дискутираат за сите аспекти на проектот: организирањето на самите настани; каква група на луѓе ќе опфатат; какви видови материјали ќе се продуцираат (на регионално и национално ниво), вклучувајќи го тука и специјалниот прирачник за волонтери наменет за овој проект итн.

Наталија Ангелова
angelova@mes.org.mk

*Учеството на оваа обука е од големо значење за мојот личен и професионален развој. Организираните предавања и споделувањето на искуства заедно со другите учесници, ми помогна да ја оформам сликата за волонтеризмот и неговата вредност. Различните активности презентирани од претставниците од другите држави, кои исто така учествуваа на обуката, ми беа од голема корист да се запознаам со различните начини на привлекување волонтери, нивното стимулирање и подигнување на свеста за волонтеризам. Различните искуства и идеи што ги слушнав можат да бидат воведени и во Македонија, бидејќи до сега кај нас нема механизам кој би можеле да го искористиме за привлекување волонтери. Особено внимание посветив на начином на популаризирање на одбраните растителни подрачја, како што се подготвување промотивен материјал, специфичниот интернет пристап, медиумското внимание и одблизу да се запознаам преку какви активности овие организации стигнале до здобивање огромен број на волонтери. И конечно, оваа обука ми помогна полесно да ги дефинирам активностите што ќе се случуваат во рамките на проектом „Поврзување на луѓето и природата-вмрежување на значајните растителни подрачја-IPAnet“!*

*Ивана Лозановска, волонтер на проектом*



Citizenship

Europe for Citizens Programme

Floron

Plantlife

AGBR

# Годишна конференција на Европскиот зелен појас

Европскиот зелен појас (European Green Belt) е иницијатива започната во деведесеттите години од минатиот век и претставува мрежа која поврзува простори со исклучителни природни вредности по границите на некогашната „железна завеса" со цел заштита на тие добро сочувани природните вредности. Европскиот зелен појас се протега низ 23 европски земји по должината на европското копно, од Баренцовото до Црното и до Јонско Море и претставува глобален симбол за прекугранична соработка за заштита на непроценливата природа и за промоција на одрживиот развој. Овој зелен појас минува и по границите на Република Македонија, и нејзиното вклучување во оваа иницијатива е од особено значење за натамошната прекугранична соработка на полето на заштитата на природата и одрживиот економски развој во одредени региони.

Секоја година во рамките на оваа иницијатива, еминентни стручни и научни лица од Европа се состануваат на заедничка Паневропска конференција каде се дискутира за оваа проблематика во различните делови на континентот, како и за остварените достигнувања. По предлог на основачките организации на оваа иницијатива, годинешнава конференција ќе се одржи во Македонија, во периодот од 28-30 јуни. Главниот настан ќе се одржи во хотелот „Макпетрол" - Маврово. Се очекува учество на повеќе од 100 гости од Европа.

Организатор на настанот се германските организации EuroNatur и Bund Freunde der Erde, додека Македонското еколошко друштво обезбедува логистичка поддршка и претставување на настанот на национално и регионално ниво. Финансиската поддршка на настанот е обезбедена од страна на Федералната агенција за заштита на природата од Германија при Министерството за животна средина, заштита на природата и нуклеарна безбедност од Германија (German Federal Agency for Nature Conservation - German Federal Ministry for the Environment, Nature Conservation and Nuclear Safety).

Работата на конференцијата ќе се одвива според дефинирана програма, вклучувајќи презентација на различните искуства преку изложбен и работен дел, но и запознавање на учесниците со убавините на нашата земја како дел од Европскиот зелен појас (дел предвиден за прошетка во природа).

Светлана Пејовиќ
arsovska@mes.org.mk

BUND FREUNDE DER ERDE   euroNATUR   european greenbelt

# Изработен предлог модел на управувачко тело на предложеното подрачје за заштита на Осогово

На барање на градоначалниците од општините во регионот на Осоговските планини - клучните институции на национално ниво, Македонското еколошко друштво започна со дефинирање на структура на управувачко тело кое би било одговорно за управување со предложеното подрачје за заштита на Осогово.

Стручниот тим од МЕД, низ долгиот период на имплементација на проектот „Осоговските Планини во Балканскиот зелен појас", прави напори да ја охрабри и зајакне соработката помеѓу клучните чинители во регионот и да ги обезбеди податоците за подготовка на прифатлив предлог за заштитено подрачје - Осогово. Како најзначаен елемент се наметна недостатокот на информации за управувачкиот модел.



За разработка на управувачкиот модел неопходна беше заедничка работа помеѓу сите заинтересирани страни, пред сè градоначалниците од регионот и стручни надворешни лица. Ангажирани беа стручни лица од Паркот на природа „Витоша" во Бугарија, кои преку конкретни примери од Балканот и Европа дадоа осврт кон моделите на управување

## Германските донатори во посета на Македонија по повод почнувањето на малите проекти на Шар Планина



Од 22 до 24 мај, МЕД заедно со претставници на германската невладината организација EuroNatur, како и членови на германската фондација DBU, ги посети општините Теарце и Тетово каде неодамна отпочнаа да се спроведуваат неколку мали проекти во рамките на проектот за „Промоција на природните вредности на Шар Планина преку едукација за животната средина и инволвирање на засегнатите страни".

Целта на оваа посета беше да се утврди напредокот на реализацијата на малите проекти на Шар Планина. Во општина Теарце се информиравме за проектите реализирани од страна на невладините организации „Европски центар SN7" и „Центар за едукација и развој" кои главно се насочени кон еколошка едукација на учениците од основните училишта. Ловечкото Друштво „Љуботен" од истата општина, преку проектот има за цел да ја подигне јавната свест кај ловџиите од тој регион преку публикација на брошури и јавни дебати. Во Тетово беше посетен планинарскиот клуб „Љуботен" чија цел е да спроведе патувачка изложба за природните вредности на Шара. Во просториите на „Центарот за развој и унапредување на јавниот живот во Тетово" се информиравме за спроведувањето на двата проекти кои се залагаат за помасовна промоција на природните вредности на оваа планина.

Нашите партнери од Германија искажаа посебен интерес за проектите и ги оценија како успешни. Посетата на овие организации кои ги спроведуваат малите проекти, беше од исклучителен интерес за Македонското еколошко друштво со цел зацврстување на соработката со донаторите и партнерите и евентуално продолжување на проектот за мали грантови на Шар Планина, кој ќе трае до јуни 2013 година.

DBU Deutsche Bundesstiftung Umwelt

euroNATUR

Диме Меловски
melovskid@mes.org.mk

со заштитените подрачја од петта категорија и разработија соодветни предлог модели за управување на Осогово.

При процесот на дефинирање на управувачко тело за Осогово, беа идентификувани сите клучни засегнати страни, при што се заклучи дека најзасегнати и најзаинтересирани за управување со идното заштитено подрачје се општините и ЈП „Македонски шуми". Истите покажаа интерес за заедничка соработка, во случај да се најде модел кој ќе обезбеди нивна вклученост во управувањето и стопанисувањето по однос на обемот на актуелните активности на теренот, и под услов интересите на истите да не бидат видно нарушени.

Соодветно со предлог моделот за управување, а со цел да се даде видување на можните извори на приход, направена беше и економско-финансиска процена на трошоците за управувачкото тело.



Навременото усогласување на ставовите на клучните страни во врска со моделот на управување има за цел да ја олесни прифатливоста на предлогот по негово доставување до ресорното Министерство за животна средина и просторно планирање.

FRANKFURT ZOOLOGICAL SOCIETY

Деспина Китанова
kitanova@mes.org.mk

# Царските орли од Овче Поле добија 10 платформи за гнездење!



Во периодот 4-8 јуни, МЕД и МЕПСО поставија 10 платформи за гнездење за царските орли (*Aquila heliaca*) во Овче Поле. Платформите се поставени по високонапонските далеководи од 400 kV, на линијата Скопје 4 – Дуброво, поконкретно на потегот Сојаклари – Караслари, кои се наменети да послужат како замена за природните гнезда кои орлите ги градат на високонапонските далеководи. По серија консултативни состаноци помеѓу членовите на тимот од проектот „**Процена на заканите за птиците во две значајни подрачја за птици во Македонија**“ и вработените во подружница Оператор на преносна мрежа, сектор Далеководи при АД МЕПСО, заеднички беа дефинирани дизајнот на платформите за гнездење и датумот за поставување на истите.

## *Други новости од Овче Поле*

Со почетокот на пролетната преселба и во очекување на пристигнувањето на белоноктата ветрушка, египетскиот мршојадец и гнездењето на царскиот орел, тимот кој работи во регионот на Овче Поле, активно ги спроведува теренските истражувања и директно работи со локалните заедници.

## *Теренски активности*



Во рамките на овие активности, континуирано се спроведоа истражувања со трансекти за евиденција на влијанието на далеководите и процена на користењето на просторот околу идните ветерници. При овие истражувања беа **евидентирани две мртви единки од царски орли**, во близина на с. Ерџелија и **неколку мртви глувчари.** Покрај овие истражувања, во периодот март - средина на мај, се реализираа **две сесии на пребројување (цензус)** на популации на видови:

- првиот цензус беше наменет за царски орли - што резултираше со откривање на една нова гнездечка локација и еден нов гнездечки пар за Овче Поле, и
- вториот, за белонокти ветрушки - што покажа драстичен пад на популацијата на овој вид во Овче Поле за 90% помалку во споредба со последниот цензус во 2002 година, и преполовена популација во споредба со гнездечката сезона од 2011 година.

Во реализацијата на цензусот придонесоа и претставници од Природонаучниот музеј на Јужна Моравија, Чешка и претставници од Асоцијацијата за зачувување на природата Аквила, Кавадарци.

Во периодот од средината на март до средината на април оваа година, **беа изработени вкупно 70 куќарки за белонокти ветрушки**, од кои 30 беа изработени во соработка со студентите од Здружението на студенти од Шумарски факултет – ДРЕН, од Скопје. Сите куќарки беа поставени во 8 села во Овче Поле во соработка со организацијата за заштита на бувовите во Македонија (Macedonian Owl Trust).

## *Едукативни активности*



Паралелно на теренските активности, во истиот период беа одржани серија **предавања во 4 основни училишта од регионот**, и тоа во Свети Николе, Горобинци, Ерџелија и Лозово. Целна група на предавањата беа ученици до 12 годишна возраст, со цел запознавање со екологијата и биологијата на белоноктата ветрушка и запознавање со дополнителните активности за поддршка на гнездењето на овој вид преку поставување куќарки за гнездење. На предавањата учествуваа вкупно 190 ученици, кои по завршување на предавањата имаа можност самите да монтираат куќарки за овој вид птици.

Данка Узунова
uzunova@mes.org.mk

BirdLife International · Conservation International · Fauna & Flora International · Wildlife Conservation Society

Conservation Leadership Programme